Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно електротехничко училиште на Град Скопје
Shkolla e mesme elektroteknike e Qytetit të Shkupit
МИХАЈЛО ПУПИН - MIHAJLO PUPIN
Бр.Nr. 02-252/1
06.04 2026 год.viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 42 од Законот за средното образование, донесениот Предлог план за упис на ученици во прва година во учебна 2026/2027 на Наставнички совет од 28.01.2026 година и Конкурсот на запишување на ученици на МОН објавен 31.03.2026 година, Директорот на СЕТУ на Град Скопје "Михајло Пупин" Скопје, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За објавување на интерен оглас за запишување на ученици во I година во учебна 2026/2027 во прво пријавување**

Во прва година во учебната **2026/2027** година ќе се запишат вкупно 329 ученици во 11 паралелки (329 ученици во 11 паралелки со настава на македонски јазик, а според наставни планови и програми за образовен профил:

| Образовен профил | Години на траење | Бр. на паралелки | Бр.на ученици | Мин.поени | Наставен јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | четиригодишно | 4 | 136 | 60 | македонски |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Електротехничар.за електроника и телекомуникации | четиригодишно | 1 | 34 | 50 | македонски |
| Електротехничар енергетичар | четиригодишно | 2 (дуална паралелка) | 50 | 45 | Македонски |
| Техни;ар за мултимедиски технологии | Четригодишно | 1 ( дуална паралелка ) | 25 | 60 | македонски |
| Електричар - електромонтер на електроенергетски мрежи | тригодишно | 2 (дуална паралелка) | 50 | 30 | македонски |
| Електромеханичар | тригодишно | 1 | 34 | 30 | македонски |

**Вкупно:** 7 172

**Условите за запишување на ученици, потребните документи за запишување,конкурсните рокови и критериумите за упис ке бидат соджани во интерниот оглас согласно Конкурсот за упис на ученици во прва година за учебната 2026/2027 од Министерството за образование и наука.**
**Интерниот оглас веднаш да се објави на влезот на училиштето.**

**Претседател на**
**Училишна комисија за упис**
**Димитар Ѓорѓиев**

...ка Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
... електротехничко училиште на Град Скопје
...a e mesme elektroteknike e Qytetit të Shkupit
...АЈЛО ПУПИН - MIHAJLO PUPIN
Бр.Nr. 02-252/2
06.04 2026 год.viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 42 од Законот за средното образование, донесениот Предлог план за упис на ученици во прва година во учебна 2026/2027 на Наставнички совет од 28.01.2026 година и Конкурсот на запишување на ученици на МОН објавен 31.03.2026 година, Директорот на СЕТУ на Град Скопје "Михајло Пупин" Скопје, ја донесе следната:

**О Г Л А С**

**За објавување на интерен оглас за запишување на ученици во I година во учебна 2026/2027 во прво пријавување**

Во прва година во учебната **2026/2027** година ќе се запишат вкупно 329 ученици во 11 паралелки (329 ученици во 11 паралелки со настава на македонски јазик, а според наставни планови и програми за образовен профил:

| Образовен профил | Години на траење | Бр. на паралелки | Бр.на ученици | Мин.поени | Наставен јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | четиригодишно | 4 | 136 | 60 | македонски |
| Електротехничар.за електроника и телекомуникации | четиригодишно | 1 | 34 | 50 | македонски |
| Електротехничар енергетичар | четиригодишно | 2 (дуална паралелка) | 50 | 45 | Македонски |
| Техни;ар за мултимедиски технологии | Четригодишно | 1 ( дуална паралелка ) | 25 | 60 | македонски |
| Електричар - електромонтер на електроенергетски мрежи | тригодишно | 2 (дуална паралелка) | 50 | 30 | македонски |
| Електромеханичар | тригодишно | 1 | 34 | 30 | македонски |

**Вкупно:** 11 329

**Условите за запишување на ученици, потребните документи за запишување,конкурсните рокови и критериумите за упис ке бидат соджани во интерниот оглас согласно Конкурсот за упис на ученици во прва година за учебната 2026/2027 од Министерството за образование и наука.**
**Интерниот оглас веднаш да се објави на влезот на училиштето.**

**УСЛОВИ ЗАЗАПИШУВАЊЕ**

- да имаат завршено основно образование;

- -да не се постари од 17 години, а ученик со посебни образовни потреби да не е постар од 25 години
- -да се определиле за наставни планови и програми за стручно образование и обука
- -да ги исполнуваат критериумите утврдени со конкурсот

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ**

По успешното електронско пријавување, учениците во избраното јавно средно училиште ја доставуваат следната документација:
- пријава за запишување (пријавата учениците ја генерираат со печатење на електронската пријава преку системот за е-услуги);
- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- дипломи за освоено I, II или III место од меѓународен натпревар и/или освоено I место на државен натпревар
- извод од матична книга на родените (без оглед на датумот на издавањето).
- проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.

## IV.КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето на учениците ќе се врши електронски преку порталот Uslugi.gov.mk со посебна најава за ученици преку сопствените кориснички сметки на schools.mk

## ЈУНСКИ УПИСЕН РОК:

* **Првото електронско пријавување** на учениците ќе се врши од 00:00 часот на 12 јуни до 23:59 часот на 15 јуни 2026 година.
- Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 16 јуни 2026 година од 08.00 часот до 19.00 часот и 17 јуни 2026 година од 08.00 часот до 15.00 часот.
- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, секое училиште ја објавува на 18 јуни 2026 година, најдоцна до 12.00 часот, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.
- Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 22 јуни 2026 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават истиот ден, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

* **Второто електронско** пријавување на учениците ќе се врши на 23 јуни 2026 година од 00:00 часот до 23:59 часот.
- Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 24 јуни 2026 година од 08.00 до 15.00 часот.
- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, секое училиште ја објавува на 25 јуни 2026 година, најдоцна до 12.00 часот, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.
- Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 29 јуни 2026 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават истиот ден, на јавно место во училиштето.

**АВГУСТОВСКИ УПИСЕН РОК:** -Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места и ги исполнуваат условите пропишани во Конкурсот, после јунскиот уписен рок со две пријавувања.
- Пријавување на учениците ќе се врши на 20 август 2026 година од 00.00 часот до 15.00 часот електронски.

-Доставувањето на потребената документација до училиштата е на 21 август 2026 година од 08.00 часот до 14.00 часот.

- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, секое училиште ја објавува на истиот ден најдоцна до 19.00 часот.

**КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИ**

Критериуми за избор на учениците се:

− среден успех на ученикот од VI до IX одделение;
− среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик , математика и физика);
− дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и освоено прво место на државни натпревари
(организирани од акредитирани здруженија од Министерство за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, физика, и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје;
− средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение.
Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаења и вештини во соодветното училиште. Примената на оваа афирмативна мерка се врши по завршување на рангирањето и не влијае врз статусот на веќе рангираните кандидати кои го исполнуваат минималниот пропишан број поени.

Доколку се пријават поголем број ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од планираниот број предвиден во овој конкурс, се организира квалификационо тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по:
- мајчин јазик и математика.

За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).
За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

За освоено прво место на државен натпревар организиран од акредитирано здружение на наставници за реализација на натпревари во основно образование од страна на Министерство за образование и наука, ученикот може да добие 3 поени.

-За освоено прво, второ или трето место, односно златен, сребрен или бронзен медал на меѓународен натпревар-ученикот може да добие 5, 4 или 3 поени соодветно.

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение, ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).

**РОК ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ НА НЕЗАПИШАНИ УЧЕНИЦИ**

**По објавување** на конечната ранг листа со резултатите од запишувањето , учениците што не се запишани во училиштето задолжително да ја подигнат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок

од 24 часа.
Документите на непримените ученици можат да се подигнат веднаш

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука **https://e-uslugi.mon.gov.mk** со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk

**Претседател на**
**Училишна комисија за упис при**
**СЕТУнаГрадСкопје "МихајлоПупин" - Скопје**
**Димитар Ѓорѓиев**